MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2594/5
19.11 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 24-та седница на ДКСК одржана на ден 15 Ноември 2019 година донесе:

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата број 12-2594/1 од 06.05.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата по електронска пошта, од непознат подносител, а против општина -------------- заради изведување на работи на поставување на ново улично осветлување – нови сијалични места во село ---------, -----------, од страна на вработени во општината – лицата --------------- и -----------------, на денот на изборниот молк - 04 мај 2019 година (сабота) при што било користено возило на ЈКП ----------------------, со што според подносителот на пријавата во изборниот период за Претседателските и Локалните избори 2019 година е сторено прекршување на законските одредби кои предвидуваат забрани и го уредуваат постапувањето, СЕ ЗАПИРА поради непотврденост и неоснованост на сомневањата во конкретниот случај.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2594/1 од 06.05.2019 година.

Предметот, со број 12-2594/1 од 06.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2594/1 од 06.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава, од непознат подносител по електронска пошта, против општина ------------------ за незаконитости и прекршувања во периодот на изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, сторени на ден 04 Мај 2019 година со изведување на работи на поставување на ново улично осветлување – нови сијалични места во село --------------, --------------, од страна на вработени во општината – лицата ----------------- и -------------------, на денот на изборниот молк - 04 мај 2019 година (сабота) при што било користено возило на ЈКП --------------------------.

Заради утврдување на фактичката состојба, по конкретниот предмет ДКСК презема процесни дејствија и постапи согласно со член 23 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - со прибирање на податоци, информации и документација од општина -------------------- – преку градоначалникот на општина ---------------.

На барањето на ДКСК бр. 12- 2594/3 од 18.05.2019 година, кај ДКСК е примен одговор – доставување на информација бр. 12-2594/4 од 29.05.2019 година од општина -------------- со која општината, односно градоначалникот ги оспорува наводите од пријавата при што истакнува дека на наведениот ден споменатите вработени, на посочената локација - ----------------, не поставувале ново улично осветлување, првенствено од причина што ова село веќе има изграден уличен систем за осветлување. Двете посочени лица, според информацијата од градоначалникот на општината, се вработени како одржувачи на уличното осветлување и истите само вршеле тековно одржување преку замена на прегорена сијалица. Со доставеното писмено, градоначалникот не оспорува


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. 12-2594/5
19.11 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

дека вработените лица од општината користеле возило од ЈКП -----------------, кое било земено како позајмица заради неисправноста на единственото соодветно возило на општината и заради немање на друго соодветно - за пренос на скала за качување на електричен столб потребна за овој вид тековно одржување.

На 24-та седница на ДКСК одржана на ден 15.11.2019 година, врз основа на наводите од пријавата во предметниот пријавен случај, како и врз основа на добиените информации, податоци и документација од општина ------------------, ДКСК констатира дека наводите за незаконитости и прекршувања во периодот на изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година не се потврдуваат по што се оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk